# Светски ден на туберкулозата - 2019

24 Март 2019




**Светскиот ден на туберкулозата, одбележан секоја година на 24 март, претставува прилика да ја подигнеме свеста и да се заложиме за напор со кој ќе се елиминира туберкулозата. Крајно време е да се стави крај на туберкулозата.**

**Иако е старо и излечиво заболување, туберкулозата (ТБ) сé уште е значаен јавно-здравствен проблем за кој Европската унија и Европската економска област (EU/EEA) пријавуваат повеќе од 55 000 случаи со ТБ годишно.**

Повеќе од било кога време е да се стави крај на ТБ- та. Средбата на високо ниво на Обединетите нации за ТБ, одржана во септември 2018, покажа дека светските лидери ја обновуваат својата заложба да стават крај на ТБ-та до 2030 година, паралелно со **Одржливите развојни цели**. Стратегијата за ставање крај на ТБ-та поставува **под-цели** за мерење на напредокот кон Одржливите развојни цели:

- Инциденца на ТБ 80% пониска во 2030 година споредено со 2015 година;
- 90% помала смртност од ТБ; и
- Да нема семејство кое ќе се соочи со катастрофални трошоци поради ТБ-та.

Кога ќе се евалуира состојбата врз основа на под-целите за инциденцата на ТБ-та, станува очигледен предизвикот пред нас. Иако стапката на известување за ТБ-та од EU/EEA опаднала од 2015-та, сепак до сега стигнала само до 10,7/100000 жители, додека намалувањето од 80% би барало цел на стапка на известување од 2,4/100000 жители.

Како може овие цели да бидат постигнати до 2030 година? Последниот извештај на WHO/ECDC, *Истражување и мониторинг на туберкулозата во Европа 2019*-та (податоците се однесуваат на 2017 година), индицира дека епидемиолошката слика се разликува помеѓу земјите во EU/EEA. Посебно, потребен е голем напор за да се излекуваат пациентите успешно - во 2017-та помалку од половината од пациентите со туберкулоза резистентна на повеќе лекови (MDR-TB) се лекувани успешно, и за туберкулоза долготрајно резистентна на лекови (XDR-TB), порезистентниот облик

на болеста, состојбата е дури и потешка. Со цел да се постигне целта на Одржливите развојни цели во врска со туберкулозата, потребни се нови меѓусекторски пристапи, неопходно е современите можности да се користат поефективно и главен е пристапот на заштита насочен кон лицата поединечно.

ECDC ќе продолжи да нуди научни совети, поддршка според потребите на земјите поединечно и ќе ги координира напорите помеѓу земјите за да ги поддржи земјите на EU/EEA во нивните напори.

---

**Април, 2019**

Преземено од: **European Centre for Disease Prevention and Control,** An agency of the European Union
https://ecdc.europa.eu

Подготвил: Прим. д-р сци. Весна Спирова